Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 јули 2004 година.

Бр. 07-2968/1
2 јули 2004 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/92 и 20/2003), во членот 3 став 3 зборовите: "на пловилата во поморскиот, речниот и езерскиот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба".

Член 2

Во членот 5 по ставот 2 се додаваат пет нови става 3, 4, 5, 6 и 7, кои гласат:

"Државјанинот кој ќе го промени личното име должен е да поднесе барање за замена на патната исправа со нова.

Забрането е да се користи патна исправа која е внесена во евиденцијата за изгубени и исчезнати патни исправи.

Забрането е патната исправа да се дава или зема во залог, поради ненамирени обврски кон државни органи, правни и физички лица.

Имателот на патната исправа е должен грижливо да ја чува патната исправа од кражба или оштетување.

Забрането е менување, бришење или исправање на податоците и на забелешките во патната исправа, како и менување на фотографијата или на потписот во патната исправа."

Член 3

Членот 6 се брише.

Член 4

Во членот 7 зборот "детето" се заменува со зборовите: "лицето до навршени 14 години живот".

Член 5

Во членот 8 ставот 2 се менува и гласи:

"При патување во странство со заеднички пасош, водачот на групата се внесува во заедничкиот пасош под реден број еден, а лицата кои се внесени во заедничкиот пасош се должни да имаат со себе јавна исправа со фотографија од која може да се утврди нивниот идентитет".

Член 6

Во членот 10 ставот 1 по зборот "функција" се става запирка и се додаваат зборовите: "државен службеник".

Член 7

Во членот 11 ставот 1 се менува и гласи:

"Дипломатски пасош им се издава на избрани и именувани лица, раководни државни службеници и раководни работници во државни органи; на државни службеници во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство; на државни службеници на Министерството за надворешни работи кои извршуват дипломатско-конзуларни работи и задачи и имаат дипломатски статус; на воени претставници на Република Македонија во странство кои имаат дипломатски статус; на лица кои со одлука на Владата на Република Македонија заминуваат на работа во меѓународни организации во својство на функционери со дипломатски ранг во тие организации, како и на дипломатски курири."

Во ставот 2 по зборот "странство" се додаваат зборовите: "во времето на дипломатската мисија."

Член 8

Во членот 12 ставот 1 се менува и гласи:

"Службениот пасош се издава на државни службеници на Министерството за надворешни работи и на државни службеници во дипломатско-конзуларните претстаништва на Република Македонија во странство, освен на лицата од членот 11 на овој закон, како и на раководни државни службеници и на раководни работници со посебни овластувања во други државни органи кои патуваат во странство заради службена работа, а за што е потребно поседување на службен пасош."

Член 9

Во членот 14 став 1 и членот 22 став 3 зборовите:"на службениот персонал во меѓународниот сообраќај" се бришат.

Член 10

Во членот 15 зборовите: "министрството надлежно за работите од областа на меѓународните односи" се заменуваат со зборовите: "Министерството за надворешни работи".

Член 11

Членот 18 се менува и гласи:

"За лица постари од 27 години пасошот се издава со рок на важење од десет години.

За лица на возраст од 4 до 27 години пасошот се издава со рок на важење од пет години.

За лица до навршени 4 години живот пасошот се издава со рок на важење од две години."

Член 12

Во членот 26 став 1, по точката 4) се додава нова точка 5), која гласи:

"5) престојувалиште,".

Точките 5) и 6) стануват точки 6) и 7).

Ставот 2 се менува и гласи:

"Во заедничкиот пасош се запишува државата, односно државите во кои групата патува, важноста на заедничкиот пасош, името и презимето, датумот на раѓање, местото на раѓање, живеалиштето и адресата на станот на водачот и на членовите на групата."

Член 13

Во членот 28 став 3 зборовите: "англиското латинско писмо" се заменуваат со зборовите: "Македонски јазик и неговото кирилско писмо и на основно латинско писмо (I CAO DOC 9303)."

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

"На граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на нивно лично барање, податоците кои се внесуваат во пасошот и во патниот лист се запишуват на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

На граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во пасошот се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот."

Член 14

По членот 30 се додава нов член 30-а, кој гласи:

"Член 30-а

Кога родителското право го врши еден од родителите, барањето за издавање на патна исправа или виза за лице помладо од 18 години го поднесува родителот на кого лицето му е доверено на чување и воспитување, со согласност и од другиот родител.

Ако другиот родител на лицето од ставот 1 на овој член се противи на издавањето на патната исправа или виза, органот надлежен за издавање на патни исправи и визи постапува во согласност со Законот за семејството."

Член 15

Во членот 31 став 2 по зборовите: "јавна исправа" се додаваат зборовите: "со фотографија издадена од недлежен орган во Република Македонија, од дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија во странство, како и од надлежен орган на странска држава".

Член 16

Во членот 32 став 1 по зборот "пасош" се става запирка и се додаваат зборовите: "заеднички пасош", а по зборот "пасошот" се додаваат зборовите: "заедничкиот пасош,".

Член 17

Во членот 33, во вториот ред по зборот "за" се додаваат зборовите: "водачот и за", а по зборот "водачот" се додават зборовите: "и на членовите".

Член 18

Во членот 37 став 1 точка 1 зборовите: "за кривично дело за кое е предвидена казна затвор во траење најмалку три месеци додека постапката е во тек" се бришат, а по зборот "суд" сврзникот "и" се заменува со точка и запирка.

Во точката 2 зборовите: "во траење преку три месеци" се бришат, а по зборот "казната" точката се заменува со запирка и се додаваат три нови точки 3), 4) и 5), кои гласат:

"3) тоа го побара центарот за социјална работа во врска со вршењето надзор над родителското право и работите со старателството, согласно со Законот за семејството;

4) е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка согласно со членот 44 од овој закон и

5) на лицето му престанало државјанството на Република Македонија."

Во ставот 2 зборовите: "на барање на надлежниот суд" се бришат.

Ставот 3 се брише.

Член 19

Во членот 38 став 1 по зборот "суд" се додаваат зборовите: "или орган".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Ќе се смета дека се престанати причините за одбивање на барањето за издавање на пасош или виза од членот 37 став 1 точка 4 на овој закон по истекот на рокот од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка."

Член 20

Во членот 41 по зборот "важење," се додаваат зборовите: "но најмногу до една година,", а по зборот "суд" се додаваат зборовите "или орган".

Член 21

Членот 43 се менува и гласи:

"Исчезнувањето или губењето на пасошот иммателот е должен во Република Македонија, да го огласи во "Службен весник на Република Македонија ",пред поднесување на барањето за издавање нов пасош."

Член 22

Во делот "V. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ" по членот 43 се додаваат два нови члена 43-а и 43-б, кои гласат:

"Член 43-а

Со парична казна од 5.000 до 20.000 денари ќе се казни за прекршок службено лице во државен орган кое патната исправа ја зема во залог поради ненамирени обврски (член 5 став 5).

Член 43-б

Со парична казна од 50.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице, кое патната исправа ја зема во залог поради ненамирени обврски (член 5 став 5).

Со парична казна од 5.000 до 20.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот 1 на овој член и одговорното лице во правното лице."

Член 23

Членот 44 се менува и гласи:

"Со парична казна од 5.000 до 20.000 денари или со казна затвор до 30 дена ќе се казни за прекршок физичко лице:

1) кое својата патна исправа ќе ја даде на послуга на друго лице или ќе се послужи со туѓа патна исправа како со своја (член 5 став 2);

2) кое нема да поднесе барање за замена на патната исправа со нова патна исправа (член 5 став 3);

3) кое патната исправа ќе ја даде или земе во залог поради ненамирени обврски (член 5 став 5);

4) кое грижливо не ја чувало патната исправа (член 5 став 6) и

5) кое ќе измени, избрише или исправи податоци и забелешки во патната исправа, или ќе ја замени фотографијата или потписот во патната исправа (член 5 став 7)."

Член 24

Членот 45 се менува и гласи:

"Со парична казна до 5.000 денари или со казна затвор до 30 дена ќе се казни за прекршок физичко лице:

1) кое користи патна исправа што е внесена во евиденцијата за изгубени или исчезнати патни исправи (член 5 став 4) и

2) кое веднаш, а најдоцна во рок од три дена не го пријави исчезнувањето или губењето на патната исправа (член 42)."

Член 25

Во членот 48 точка 3 зборовите: "и продолжување на рокот на важење" се бришат.

Во точката 4 по зборот "фотографирањето" се додаваат зборовите: "и земањето на потписот".

Член 26

Во членот 49 во воведната реченица зборовите:"работите од областа на надворешните работи" се заменуваат со зборовите: "надворешни работи".

Во точката 1 зборовите: "и продолжување:" се бришат.

Член 27

Во членот 50 во воведната реченица зборовите:"работите од областа на надворешните работи" се заменуваат со зборовите: "надворешни работи".

Во точката 2, во вториот ред по зборот "пасоши" сврзникот "и" се заменува со точка и запирка.

Во точката, 3 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 4, која гласи:

"4) листа на носители на дипломатски и службени пасоши."

Член 28

Запишувањето на лицето до навршени 14 години живот во пасошот на родителот, одосно старателот издаден пред денот на влегување во сила на овој закон, ќе се поништи по службена должност кога на лицето ќе му биде издаден сопствен пасош, а најдолго во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 29

Постојните подзаконски прописи влезени во сила пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 30

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

Член 31

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".